РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ
Примено: 22. 09. 2011
Орг. единица: 07 | Број: 3596/1 | Прилог | Вредност

0705 ТРАЈНО
22.09. 2011 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **теорија на музиката** за шестгодишното основно музичко и балетско образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕ

# ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2011

ШЕСТГОДИШНОТО ОСНОВНО
МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

# 1. ВОВЕД

Наставниот предмет Теорија на музиката е застапен во вториот образовен период на шестгодишното основно музичко образование. Со оглед на ваквата позиција на предметот целта на Теорија на музиката во шестгодишното основно музичко образование е да рекапитукира и систематизира базичните знаења стекнати на предметот Солфеж со елементарна теорија и да ги надгради со содржините од различните теориски дисциплини: теорија во потесна смисла на зборот, хармонија, полифонија, музички форми, запознавање со музички инструменти. За при тоа да се овозможи комплексен музички развој на учениците, во програмата се вклучени содржините кои ги воведуваат учениците во музичката култура и уметност. Со тоа, наставата по Теорија на музиката треба да придонесе за стекнување на знаењата за музиката кои ќе ги поттикнат учениците за сопственото истражување и нивната примена на предметот Солфеж и во свирење на инструмент. Наставните теми на предметот - Основни поими, Метроритам, Скали, Темпо и динамика, Музичка уметност - се тесно поврзани меѓу себе и даваат широки можности за меѓусебно интегрирање. Содржините и поимите кои се посочени во програмата задолжително треба да бидат слушно доживеани и анализирани. Затоа, освен активностите на предметот Солфеж, и наставата по Теорија на музиката треба да вклучува активности базирани врз слушање на музички примери и целосни музички дела. Од друга страна, посочените содржини и поими треба да бидат препознаени во нотниот текст. Затоа во наставата по Теорија на музиката уште од самиот почеток треба да има активности кои вклучуваат визуелна анализа на нотниот текст (поедноставни примери и партитури). Наставата се изведува во групи по 9 - 15 ученици. На крајот од учебната година секој ученик полага годишен испит пред комисија

- Фонд на часови: 1 час неделно, 36 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

Ученикот/ученичката:

- да стекне сознанија за музичката култура и уметност на своето опкружување
- да стекне сознанија за различните музички жанрови
- да стекне сознанија за музичко-теориските карактеристики на народното музичко творештво на својата и другите заедници
- да ги развие музичките способности;
- да ја развива креативноста
- да ги усвои музичко-теориските поими
- да ги применува усвоените знаења и поими во практична работа (вежби и анализа на нотниот текст)
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки
- да развие способност за анализирање на нотниот текст
- да го развива внатрешниот слух
- да препознава визуелно во нотните примери и именува видови на тактот (рамноделен и нерамноделен)
- да ги препознава, именува и гради скали до 7 предзнаци
- да гради интервали до октава од зададен тон
- да гради скалични интервали до октава во зададена скала
- да препознава визуелно во нотните примери и именува интервали до октава
- да препознава визуелно во нотните примери и именува скалични интервали до октава
- да осознае превртување на интервали
- да гради квинтакорди со превртувања од зададен тон
- да гради квинтакорди на главните стапала со превртувања во зададена скала
- да препознава визуелно во нотните примери и именува квинтакорди на главните стапала со превртувања по структура и функција
- да ја развие музичката меморија и вниманието
- да го осознае енхармонизмот
- да ја осознае модулацијата во тоналитети до 1 предзнак
- да препознава елементи на музичката форма во нотниот текст (мотив, фраза, реченица, период)

- да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку музичките активности;
- да стекне самодоверба во извршувањето на музичките активности;
- да го открива и почитува сопствното музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да се оспсобува за тимско работење;
- да покажува толеранција;
- да покажува подготвеност да му помогне на другиот;
- да се воведува во користењето на информативната компјутерска технологија во музичките активности.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да покажува интерес и љубов кон класичната музика
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива осет за музичката изразност
- да ги усвојува неопходните музичко-теориски поими
- да стекнува практични умееьа за примена на усвоените знаења
- да ги препознава визуелно и да ги запишува нотите во виолинскиот, бас, алт и тенор клуч
- да ги именува тоновите со солмизација и абецеда
- да ги препознава, именува и гради скали до два предзнака
- да стекнува сознанија за квинтниот круг
- да ги препознава, именува по големина и гради скалични интервали
- да ги препознава визуелно тактовите и тактовите времиња
- да знае да ги групира нотите во соодветните тактови
- да ги разбира и применува стручните термини за темпо, динамика, артикулација и агогика
- да ги разликува и именува музичките инструменти и пејачките гласови
- да стекнува сознанија за основните елементи на музичката форма
- да стекнува сознанија за музичките професии (композитор, изведувач - инструменталист, пејач, диригент)
- да стекнува способност за визуелна анализа на наједноставен нотен текст
- да го развива внатрешниот слух
- да ја развива креативноста
- да применува ИКТ

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: ОСНОВНИ ПОИМИ (6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ги усвои имињата на октави<br>- правилно да ги чита и пишува музичките знаци<br>- да развива вештина за брзо читање ноти во виолински и бас клуч во различни октави (во алт и тенор клуч, само за одредени инструменти) | Рекапитулација и систематизација на поимите:<br>- Звук и тон;<br>- Ноти и линиски систем;<br>- музичките симболи;<br>- Клучеви (виолински и бас)<br>- Имиња на тоновите;<br>- Тонски систем:<br>- Преглед на сите октави и нивните имиња; | - Звук (неопределен/определен или неартикулиран/артикулиран)<br><br>- тон (висина, јачина, траење, боја);<br>- регистар (среден, висок, низок)<br>- опсег<br>- Нота, пауза, петолиние, линија, празнина, помошна линија, знак за повторување, прима волта, секунда волта.<br>- Виолински клуч, бас клуч<br><br>- Имиња на тоновите по солмизација и латински имиња<br>- Имиња на октавите<br>- знак ,,за октава повисоко” и ,,за октава пониско” | - вежби: пишување на ноти од виолински во бас клуч и обратно<br>- вежби: бележење на ноти со латински имиња и солмизација<br>- именување на регистри (среден, висок, низок)<br>- препознавање и бележење на ноти во различни октави од тонскиот систем (со користење на знаците ,,за октава повисоко/пониско”)<br>-Анализа:<br>Препознавање и читање на едноставни нотни примери во виолински и бас клуч |

**Тема: МЕТРОРИТАМ (10 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ја разбира мерната единица, нагласено и ненагласено тактово време во тактовите со различни мерни единици (во корелација со солфеж)<br><br>- да ги усвои наведените нотни вредности и паузи<br><br>- да разликува и запишува: едноставни и сложени тактови | Повторување и рекапитулација на основните поими:<br>- Нотни вредности и паузи<br>- Знаци за продолжување на траењето<br><br>-Такт<br><br>- видови тактови: едноставни тактови ( 2/4; 3/4; 3/8; 2/2 ) сложени тактови врз пример на 4/4, 6/8 и 9/8 такт. | - Такт, тактова црта, мерна единица, тактово време, нагласено - ненагласено (теза - арза), мерна единица<br><br>- Цела, половина, четвртина, осмина, шеснаесеттина.<br>половина нота со точка, четвртина нота со точка, осмина нота со точка и соодветните паузи.<br><br>-едноставни тактови<br>-сложени тактови<br>-рамноделни тактови<br>-нерамноделни тактови<br><br>- сичилијана и тирена | - откривање и забележување на едноставни и сложени тактови (2/4,3/4,3/8,2/2,4/4. 6/8, 9/8) во одредени примери<br><br>- бележење на теза и арза<br><br>- вежби за траење на нотите: пишување на двојно поголеми и двојно помали нотни вредности (на пример, пишување на вежба во 3/4 и 3/8 такт со двојно помали нотни вредности)<br><br>-анализа  на сите тактови и промена на такт во едноставни нотни примери (на пример, препознавање на такт - наставникот да ги подготви примерите со покриен или избришан такт)<br><br>- вежби за групирање нотни вредности во различни тактови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да го разбере нерамноделниот 5/8 такт<br><br>- да знае точно да ја продолжи (изброи) секоја<br>нота со лак,точка и корона<br><br>-Да ги разбира триолата и пунктираниот ритам во тактовите со четвртина и половина мерна единица. | - нерамноделни тактови 5/8 (2+3, 3+2).<br><br>- Лак, точка, корона<br><br>- неправилни тонски групи (триола)<br><br>- пунктиран ритам во тактовите со половина и четвртина мерна единица во рамките на мерна единица | - триола<br>-пунктиран ритам | - откривање и забележување на нерамноделниот 5/8 такт (2+3 и 3+2)<br><br>- вежби за продолжување на нотните вредности со лак,точка и корона<br><br>-Вежби за пунктиран ритам и триола<br><br>. |

| Тема: СКАЛИ И ИНТЕРВАЛИ (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги применува поимите: скала, стапало, степен,тетракорд<br><br>- да ги разбира и разликува стабилните и нестабилните стапала<br><br>- да го разбира тежнеењето и разрешувањето на нестабилните во стабилните стапала (корелација со солфеж) | Повторување и рекапитулација на основните поими:<br>- Основна скала<br>- Елементи на скалата<br><br>- Видови стапала | - Основна скала<br>- Латински имиња на тоновите<br>- Стапало<br>- Степен (цел и полустепен)<br>- тетракорд<br>- Стабилни (I,III, V) и нестабилни (II, IV, VI, VII) стапала;<br>- тежнеење - разрешување на нестабилните стапала во стабилните;<br><br>- I стапало - тоника;<br>- VII стапало - водилка; | - бележење на основната скала со сите нејзините елементи |
| - да ги запишува и применува знаците: диез, бемол, бекар<br><br>- да ги поврзува дур и паралелен мол | - Знаци за промена на висината на тоновите<br><br>- Дурска скала<br>- Молска скала и видови молски скали | - диез - повишувалка<br>- бемол - снижувалка<br>- бекар - разрешувалка<br><br>- дурска скала;<br>- молска скала: природен, хармонски и мелодиски вид; | - вежби: поврзување на дур со паралелен мол (квиз)<br>- градење на молска скала (сите видови) со промените на стапалата, полустепените и целите степени во хармонски и мелодиски мол |
| - да ги усвои дурски и молски скали до четири предзнаци | - Скали до 4 предзнаци | - Паралелни скали<br>- квинтен круг | - откривање на скали до 4 предзнаци (во мелодиските примери што ги пеат) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да го осознае квинтниот круг<br><br>- да развива способност за брзо транспонирање на кратки примери<br><br>- да ги осознае, препознава и применува скаличните интервали по големина, вид и звучност | - Формирање квинтен круг нагоре и надолу<br><br>- Интервали по големина, вид и звучност (консонантни и дисонантни) во дур и мол (природен и хармонски) и од зададен тон | - оддалеченост за 1 предзнак<br>- оддалеченост за 2 предзнака<br>- оддалеченост за 3 предзнаци<br>- оддалечност за 4 предзнаци<br><br>- интервали<br>- големина на интервал (од прима до октава)<br>- вид на интервал<br>- звучност<br>- консонанца<br>- дисонанца<br>- скалични интервали | - бележење на знаците за промена на висината на тонот (диез,бемол,бекар) во скалите до 4 предзнаци<br><br>- вежби: градење на скалите по квинтен круг<br>- транспонирање на кратки примери во скалите оддалечени за 1 и 2 предзнака и во паралелни скали (препорака: примерите да се користат за солфежирање на часот по солфеж)<br>- анализирање на скали и промена на скала (паралелна и до 2 предзнаци) во едноставни нотни примери<br>- анализирање на стабилни и нестабилни стапала со разрешување во едноставни нотни примери<br><br>- градење на основните интервали по големина нагоре и надолу |

**Тема: ДИНАМИКА, ТЕМПО, АРТИКУЛАЦИЈА (4 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| - да ги усвои термините за динамика и да ги запишува со кратенки<br>- да се запознае со метрономот и да го применува | -Динамика и нејзините основни видови | - динамика<br>- динамички ознаки<br>- силно (форте) - Ф<br>- тивко (пијано) - П<br>- мп, пп<br>- мф, фф<br>- од тивко кон силно (крешендо)<br>- од силно кон тивко ( декрешендо ) | - вежби: бележење на кратенките за динамичките нијанси<br><br>- претставување и примена на метрономот<br><br>- творење: учениците сами да ги определат и запишат ознаките за темпо, динамика и артикулација во одреден пример<br>- визуелна анализа: препознавање на знаците,термините,кратенките за динамика, темпо, артикулација во едноставни нотни примери<br>- слушна анализа со препознавање на видовите на динамиката, темпо, артикулација (во изведба на наставникот и снимки) |
| - да ги усвои оригиналните термини за разни видови на темпо и да го разбира нивното значење | - Темпо и неговите основни видови | - темпо<br>- ознаки за темпо<br>- метроном<br>- Бавно (Адагио, Ленто)<br>-Умерено (Модерато, Анданте)<br>- Брзо (Аллегро, Престо)<br>- Ритардандо;<br>- Аццеллерандо; | |
| - да ги разбира оригиналните термини за артикулација и да ги применува | - Артикулација и нејзините основни видови | - артикулација<br>- ознаки за артикулација<br>- Стаццато, легато, нон легато | |

| Тема: МУЗИЧКА УМЕТНОСТ (6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае и усвои знаења за различните групи на инструменти (заради избор на инструмент)<br>- да ги разликува и именува пејачките гласови и да се запознае со оперското пеење (заради избор - соло пеење)<br>- да ги воочува елементите на музичките форми<br>- да покажува љубов кон музичката професија,да посетува концерти, оперски и балетски претстави<br>- да покажува интерес кон собирање разни информации од интернет, поврзани со музиката. | - Основна поделба на инструментите;<br><br>- Основна поделба на пејачките гласови<br><br>- Елементи на музички форми<br><br>- Музичко творештво | - жичани,<br>- дувачки,<br>- ударни,<br>- клавијатурни<br><br>- машки, женски, детски (високи, средни, ниски)<br><br>- мотив, двотакт-фраза, реченица,период<br><br>- пиеса, композиција, композитор, диригент, хор, оркестар | - препознавање на инструменти и пејачки гласови (преку слушање на музика, посета на концерти, оперски и балетски претстави)<br>- презентирање на инструментите, кои им се помалку познати (фагот, контрабас)<br>- творење: дополнување или креирање музичка реченица и период (со помош на наставникот) и задолжително свирење или солфежирање за да се доживее слушно креацијата<br>- игри и квизови за усвојување на музичките термини<br>- компјутери и интернет за изнаоѓање на интересни содржини од животот на композиторите, анегдоти<br>- анализа: откривање на елементите на музички форми (мотив, двотакт, реченица, период) со помош на наставникот во едноставни нотни примери |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Наставата по теорија треба да биде во тесна поврзаност со наставата по солфеж
- предвидените содржини се во непосредна корелација со темите и содржините на предметот Солфеж. Наставникот треба да внимава при планирањето на часовите по двата предмета меѓупредметната поврзаност да им биде јасна на учениците. Во случај ако овие предмети ги предаваат различни наставници тие мораат најтесно да соработуваат и да ги координираат содржините и активностите на двата предмета.
- содржините на сите наставни теми се заемно поврзани, затоа процесот на совладување на одредени проблеми посочени во една од темите често пати треба да се одвива преку интеграција со другата тема (на пример, препознавање на темпо, динамика, агогика во примери од музичкото творештво, инструменти и сл.)
- се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца од тип на ,,Детски албуми", музика од други стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, темпото, инструменти, гласови и др.)
- Наставникот треба особено внимание да обрнува на практичната примена на теориските поими преку запишување (вежби за ритмичко групирање, градење скали и интервали, запишување во различни клучеви на една иста мелодија и сл.)
- особено е важно поимите што се усвојуваат да бидат поткрепени со звучни примери од музичка литература со воочување и задолжително коментирање
- од непомала важност е создавање кај учениците навика за визуелна анализа на нотниот текст. Затоа, уште на првите часови таа треба да е присутна во вид на анализа на наједноставен нотен запис (почнувајќи од едногласни фрагменти во различни клучеви), со воочување на ознаки за темпо, динамика, артикулација, агогика, такт и тактови времиња, скала, интервали, нотни вредности итн. Од друга страна, може да се применува и анализа на едноставни партитури (на пример, едноставни композиции за пијано) во кои може да се воочи примена на виолински и бас клуч.
- посочените наставни теми (пред сè, Музичка уметност) даваат широки можности за користење на ИКТ и самостојна истражувачка работа на учениците во тимови

*препораки за користење на годишниот фонд на часови*

број на часовите за наставните теми е даден ориентационо

- **Наставни средства:**
  - Учебник по избор на наставникот, одобрен од страна на министерот
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД - плеер, видеоплеер, компјутер);
  - дидактички средства и материјали;
  - разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

На крајот од годината секој ученик полага годишен испит во вид на усно одговарање на 2 теориски прашања и анализа на едноставен нотен пример.

Оценувањето е бројчано (со оцени од 1 до 5)

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за IV, V и VI одделение и за наставните средства за IV одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прва година може да ја изведува лице кое завршило:

А. Факултет за музичка уметност - Оддел за музичка теорија и педагогија

Б. Факултет за музичка уметност - Оддели за:

Композиција
Диригирање
Музикологија
Етномузикологија

(Приоритет според горенаведениот редослед)

## 9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- да пројави интерес и љубов кон класичната музика
- да пројави интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби и демонстрира соодветно однесување
- да пројави навика активно, внимателно слушање на музиката;
- да ги воочува и коментира елементите на музичката изразност во слушаните дела
- да ги усвои и применува неопходните музичко-теориски поими
- да демонстрира практични умеења за примена на усвоените знаења
- да ги препознава визуелно и да ги запишува нотите во виолински и бас клуч
- да применува солмизација и абецеда
- да ги разбира едноставните и сложените тактови, рамноделните и нерамноделните тактови
- да ги владее теориски и практично скали до четири предзнака
- да го разбира принципот на градење на квинтниот круг
- да ги сфаќа и разликува скаличните интервали по големина, вид и звучност
- да ги разбира и применува стручните термини за метроритам, темпо, динамика, артикулација и агогика
- да ги разликува и именува музичките инструменти и пејачките гласови
- да ги осознае основните елементи на музичката форма
- да ги осознае музичките професии (композитор, изведувач - инструменталист, пејач, диригент)
- да покажува способност за визуелна анализа на наједноставен нотен текст
- да го развива внатрешниот слух
- да пројавува креативноста
- да применува ИКТ

**Изготвил:** работна група,
координатор м-р Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по теорија на музиката за шестгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4492/58

на ден 18.03 20 11 год.
Скопје СКОПЈЕ

Министер,

м-р Панче Кралев